Врз основа на член 24-б став 7 од Законот за средното образование „Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/1598/2015, 145/2015, 30/2016 и 127/2016), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на избор за најдобар ученик во струката од завршните години на образованието во стручното образование

### Член 1

Во Правилник за начинот на избор за најдобар ученик во струката од завршните години на образованието во стручното образование бр. 12-3865/2 од 02.03.2015 година, членот 22 се менува и гласи:

„Централната комисија за реализација на третата фаза на натпреварите се формира од страна на министерот за образование и наука и истата ја сочинуваат:

-директорот на училиштето-домаќин, претседател,

-наставник по стручни предмети од училиштето-домаќин, член,

-претставник од Министерството, член,

-советник за соодветната струка од Центарот, член и

-претставник од соодветната комора, односно претставник од соодветниот факултет, член.“

### Член 2

Членот 29 се менува и гласи:

„Центарот доставува извештај до Министерството за резултатите од натпреварот од третата фаза за сите струки на државно ниво со список на најдобрите ученици во соодветните струки, според добиените резултати од одржаните натпревари.

Извештајот од став 1 на овој член содржи податоци соодветно по струки и образовни профили, и тоа:

- наставните предмети од кои е составен тестот и

-називот на практичната задача.

Во прилог на извештајот од став 1 на овој член се доставува и Листа со податоци за учениците и наставниците, која содржи:

-име и презиме на учениците и наставниците и

-име на училиштето и струката во која е избран ученикот.“

### Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Министер за образование и наука,
Pishtar Lutfiu

Бр. 12-937/1
26.01. 2017 година